Уп. Бр. 08-150/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од**МЕРКАТОР-ЦГ Д.О.О. Подгорица** (MERCATOR-CG D.O.O. Podgorica)**,** со регистрирано седиште на улица Пут Радомира Ивановица бр. 2, Подгорица, Црна Гора, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје,на седницата одржана на ден **05.12.2022** година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **МЕРКАТОР-ЦГ Д.О.О. Подгорица** (MERCATOR-CG D.O.O. Podgorica)**,** со регистрирано седиште на улица Пут Радомира Ивановица бр. 2, Подгорица, Црна Гора, има намера да стекне единствена контрола над новоформирано друштво за посебна намена кое ќе го преземе малопродажниот бизнис на **ФРАНЦА МАРКЕТИ ДОО Бијело Поље** (FRANCA MARKETI DOO Bijelo Polje)**,** со регистрирано седиште на ул. Светог Петра Цетињског ББ Бјело Поље, Црна Гора, по пат на стекнување на удели,иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 11.11.2022 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **МЕРКАТОР-ЦГ Д.О.О. Подгорица,** со регистрирано седиште на улица Пут Радомира Ивановица бр. 2, Подгорица, Црна Гора, со која **МЕРКАТОР-ЦГ Д.О.О. Подгорица** има намера да стекне единствена контрола над

новоформираното друштво за посебна намена кое ќе го преземе малопродажниот бизнис на **ФРАНЦА МАРКЕТИ ДОО Бијело Поље** (FRANCA MARKETI DOO Bijelo Polje)**,**со регистрирано седиште на ул. Светог Петра Цетињског ББ Бјело Поље, Црна Гора, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето законцентрација,и прилозите кон истото го утврдис ледното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Регистриранатa дејност на **Меркатор-ЦГ** е – Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници.

**Меркатор-ЦГ** е дел од **Фортенова Групата**, чија основна дејност е малопродажба на секојдневни стоки наменти за широка потрошувачка до крајните потрошувачи преку мрежа на малопродажни продавници низ Словенија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора.

Друштвото за производство, трговија и услуги **МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Огњен Прица 1/3-28 мезанин, Скопје, Кисела Вода, Северна Македонија е зависно друштво на Фортенова Групата регистрирано во Северна Македонија, кое се занимава со трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалаци и тутун, но повеќе не е комерцијално активно.

Регистриранатa дејност на **Франца Маркети** е - друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници.

Предложената Трансакција се однесува на купување на малопродажиот бизнис на **ФРАНЦА МАРКЕТИ ДОО Бијело Поље,** за чија цел содружниците на Франца Маркети, ќе основаат друштво за посебна намена на кое ќе се пренесе малопродажната дејност на Франца Маркети, а потоа Меркатор-ЦГ ќе се стекне со 100% од уделите во друштвото за посебна намена.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б)од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или

на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**